Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

14 април 2025 година

**Архивски број:** 67-1215/10

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје број 0302-960/16 од 11.04.2025 година, ополномоштено од „ИНВАЛЛ МАК" ДООЕЛ Скопје", за одобрување на **Планската Програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци**, со технички број 0701-960 од април 2025 година, поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам постапка број 70602, заведено во архивата на министерството со бр. 67-1215/6 од 11.04.2025 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), го донесува следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА **Планската Програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци**, изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје со технички број 0701-960 од април 2025 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје, ополномоштен од „ИНВАЛЛ МАК" ДООЕЛ Скопје", изработи и достави барање за одобрување на **Планската Програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за**


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

**производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци**.

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение бр. 02-2403/1 од 21.03.2025 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување бр. 67-1215/7 од 11.04.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Полномошно од Пјорт Даниел Волосзченко, управител на „ИНВАЛЛ МАК" ДООЕЛ Скопје" за Биљана Петрова, управител на „ Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје со цел за спроведување на постапката за подготовка и донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, од Октомври 2024 година;
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. број 11609 од септември 2009 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање со арх. Број 15 -5967/4 од 02.11.2009 година;
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. број У00225 од март 2025 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање со арх. Број 15 -1569/2 од 07.04.2025 година, обезбедено во релевантна постапка во системот „е-урбанизам" број 67657;
- Планска Програма за изработка на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, промет и услуги КВАДАР ДОО Скопје со тех. број 0701-960 од април 2025 година.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување бр. 67-1215/7 од 11.04.2025 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр.225/20, бр.219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Министер**
**Александар Николоски**

Изработил: Александар Наумоски, дси

Одобрил: Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk